Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

| Примено: 11. 02. 2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1064 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 1, 2 и 3 февруари 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 февруари 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 1 до 3 февруари 2015 година, е констатирано прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Во периодот на мониторингот, на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, играните филмови: „Норбит", „Последен празник (Last holiday)" и „Остин Пауерс, Остинпуси" се означени со погрешна предупредувачка сигнализација (види табела бр. 1); играниот филм „Нема место за старци (No country for old man)" е соодветно означен со трета категорија

програми (12+), но е емитуван во несоодветен период од денонокието (види табела бр. 2); а играната серија „Измамничка (La Impostora)" е емитувана и со погрешна сигнализација и во несоодветно време (види табела бр. 3).

Играните филмови: „Норбит", „Последен празник (Last holiday)" и „Остин Пауерс, Остинпуси" се означени како програми од Прва категорија – наменети за целата публика. Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, филмовите треба да бидат означени со Втора категорија, програми кои не се препорачуваат за деца под 8 години и за чие следење е неопходен надзор од родител или старател. Програмите од Втората категорија може да се емитуваат во текот на целото денонокие.

**Табела бр. 1**

| Наслов на емисија | Датум на емитување | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|---|
| | | Почеток | Крај | |
| „Норбит" – игран филм | 1 февруари 2015, недела | 00:00:00 | 00:48:27 | Играните филмови се означени како програми од Прва категорија, а според критериумите од Правилникот треба да се означат како програми од Втора категорија (8+). |
| „Последен празник (Last holiday)" - игран филм | 1 февруари 2015, недела | 12:49:45 | 14:34:36 | |
| Остин Пауерс, Остинпуси" – игран филм | 1 февруари 2015, недела | 15:42:58 | 17:21:31 | |

Играниот филм „Нема место за старци (No country for old man)" е соодветно означен како програма од Трета категорија (12+), што не се препорачува за лица под 12 години, но не е емитуван во соодветен временски период. Оваа категорија програма може да се емитува само во периодот од 20:00 до 05:00 часот.

**Табела бр. 2**

| Наслов на емисија | Датум на емитување | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|---|
| | | Почеток | Крај | |
| „Нема место за старци (No country for old man)" Игран филм | 1 февруари 2015, недела | 19:09:15 | 21:18:42 | Играниот филм е соодветно означен како програма од трета категорија, но е емитуван во несоодветен термин. |

Серијата „Измамничка (La Impostora)" е несоодветно означена како програма од Прва категорија – наменета за целата публика. Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, општата категорија на целиот серијал треба да се промени во програма од – Трета категорија, што не се препорачува за деца под 12

години, за која е неопходен надзор од родител/старател, а може да се емитува само во периодот од 20:00 до 05:00 часот.

**Табела бр. 3**

| **Наслов на емисија** | **Датум на емитување** | **Период на емитување** | | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|---|
| | | **Почеток** | **Крај** | |
| Серија – „Измамничка (La Impostora)" | 2 февруари, понеделник | 07:15:04 | 07:59:44 | Серијата е погрешно означена како програма од Прва категорија и се емитува во несоодветни термини. |
| Серија – „Измамничка (La Impostora)" | 2 февруари, понеделник | 13:45:00 | 14:52:47 | |
| Серија – „Измамничка (La Impostora)" | 3 февруари, вторник | 07:15:15 | 07:59:54 | |
| Серија – „Измамничка (La Impostora)" | 3 февруари, вторник | 13:43:37 | 14:56:29 | |

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица**, на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, во периодот од 1 до 3 февруари 2015 година, емитуваните играни филмови: „Норбит", „Последен празник (Last holiday)" и „Остин Пауерс, Остинпуси" се означени со погрешна предупредувачка сигнализација; играниот филм „Нема место за старци (No country for old man)" е соодветно означен како програма од трета категорија (12+), но е емитуван во несоодветен период од деноноќието; а играната серија „Измамничка (La Impostora)" е емитувана и со погрешна сигнализација и во несоодветно време.

## 9. Предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***